РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
Бр. 09-2577/1
06-04-2026 год.
ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

Врз основа на член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/02 и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24), член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" број10/20), член 3 од Одлуката за основање на младински центар во општина Штип и утврдување на услови за избор на младинска Организација или организација за млади за раководење со младински центар во општина Штип број 08- 1928/1 од 12 март 2026 година, а согласно Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри број 12-923/1 од 07.04.2021 година на Агенцијата за млади и спорт општина Штип објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
За избор на младинска организација или
Организација за млади која ќе раководи
со младинскиот центар во општина Штип

Се повикуваат сите младински организации и организации за млади кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бој 52/10, 135/11, 55/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 239/22) и Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на Република Северна Македонија број 10/20) да поднесат пријава за избор на младинска организација или организации за млади која ќе раководи со Младинскиот центар Штип за период од 5 години.

***Право на учество на Јаниот повик имаат:***

- Младински организации или организации за млади кои се регистрирани по одредбите од Законот за здруженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики и кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади и во Централен регистар на Република Северна Македонија.
- Постојат повеќе од 3 години и работат на полето на младинската работа.
- Младинската организација или организацијата за млади треба да биде со седиште во Општина Штип.

***Потребна документација за пријавување на Јавниот повик:***

1. Пријава;
2. Годишна програма за работа на Младинскиот центар, разложена на активности со финансиска конструкција согласно определниот годишен буџет за раководење со центарот и која ги исполнува стандардите за квалитет на младинските центри, со

која ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот на заедницата преку:

- Неформално образование обучување и поддучување на млади;
- Информирање, менторство, подучување и советување;
- Неформално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади;

3. Портфолио на младинската организација или организација на млади која се пријавува на јавниот повик, во кое јасно се гледа нивниот придонес во сферата на младинската работа.
4. Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спроведувањето на годишната програма – квалификувани младински работници согласно Националното портфолио за младински работници;
5. Потврда дека младинската организација или организација на млади е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации во регистарот на младински организации за млади и чадор организации при Министерството за социјална работа демографии и млади) и
6. Тековна состојба не постара од 6(шест) месеци од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Младинскиот центар треба да биде од отворен тип и да биде достапен на младите најмалку 40 часа неделно распоредени во 5 дена.

Јавниот повик се објавува на ден 6 април (шести) 2026 година и трае 15 дена **заклучно** со ден 20 април 2026 година.

Јавниот повик ќе се објави на официјалната web страница на Општина Штип www.stip.gov.mk.

Пријавите можат да се поднесат по пошта или на архива на општина Штип ул. Васил Главинов број 4Б секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот.

Пријавите со целокупната документација во затворен коверт, се поднесуваат до: Општина Штип - Комисија за разгледување и евалуација на пријави за јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младински центар Штип, **со назнака** „За јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младински центар Штип“.

Некомплетните и ненавремените пријави нема да бидат разгледувани.

Градоначалникот на општина Штип ќе формира Комисија за разгледување и евалуација на пријави за јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младински центар Штип.

Комисијата за разгледување и евалуација на пријави за јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младински центар Штип во рок од 3(три) дена, по завршувањето на рокот за доставување на пријавите по распишаниот јавен повик, ги разгледува пристигнатите пријави и до Градоначалникот на општина Штип доставува мислење со предлог за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младинскиот центар Штип.

Врз основа на доставеното мислење Градоначалникот на општина Штип ќе донесе Решение за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младинскиот центар Штип.

Во рок од 3 (три дена) од донесеното решение за избор градоначалникот на општина Штип со избраната организација ќе склучи договор за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со работењето на Младинскиот центар во општина Штип за период од 5 години.

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов

*Изработил: Маре Каранакова*
*Одобрил: секретар Вишна Шорова Ангелова*

*Доставено до :Архива*